**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ШЕСТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 27.12.2023 година

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и шесттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 27.12.2023 година**

Седницата започна во 12:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата и дополнително на 26.12.2023 година **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно известувањето од стручната служба од 26.12.2023 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**28.** Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје; и

**29.** Предлог - Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "28"** беше усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "28" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "29"** беше усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "29" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

**м-р Сафет Адеми** (ДУИ):

Предложи точката "11" - Предлог - Одлука за формирање на паралелка со помал број ученици во ООУ "Његош", Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, да се симне од предложениот дневен ред и предлогот го образложи.

Во расправата по предлогот учествуваше и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред со предлогот **точка 11** да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање.Советот **не го усвои** предлогот со **5 гласа "ЗА", 18 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2023 година;
2. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - септември 2023 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2024 година;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2024 - 2025 година;
8. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;

9. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2024 година;
10. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-739/2018 за КП 344/2 КО Брњарци;
11. Предлог - Одлука за формирање на паралелка со помал број ученици во ООУ "Његош", Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
12. Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2024 година;
13. Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година;
14. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2024 година;
15. Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
16. Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година;
17. Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година;
18. Предлог - Програма за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година;
19. Предлог - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година;
20. Предлог - Програма за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година;
21. Предлог - Програма за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2024 година;
22. Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година;
23. Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година;
24. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година;
25. Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2024 година;
26. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година;
27. Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва;
28. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје; и
29. Предлог - Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Гази Баба.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

Претседателот на советот извести за потребата дополнително во текот на седницата да се одржат седници на комисии за:

- урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина (по однос на точка 28) и
- мандатни прашања, избори и именувања (по однос на точка 29).

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Сашо Кукески (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од ЈП "Лајка" - Скопје, Елена Пипонска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Предлог - Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2023, со **2 гласа "ЗА" и 23 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - септември 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Виолета Здравевска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од ЈП "Лајка" - Скопје, Елена Пипонска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Предлог - Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - септември 2023 година, со **23 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), претставникот од ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, Мери Тодорова и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година, со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2024 - 2025 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Сашо Кукески (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2024 - 2025 година, со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2024 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-739/2018 за КП 344/2 КО Брњарци.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-739/2018 за КП 344/2 КО Брњарци, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на советот даде пауза за да се одржат седници на комисии за:

- урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина (по однос на точка 28) и
- мандатни прашања, избори и именувања (по однос на точка 29).

**По паузата.**

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на паралелка со помал број ученици во ООУ "Његош", Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), м-р Сафет Адеми (ДУИ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Александар Ковилоски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од ООУ "Његош", Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, директор Анета Цветкова.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и на барање на членот на советот - м-р Александар Ковилоски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, истата ја стави на **поименично гласање** со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 2. | м-р АЛЕКСАНДАР КАРОВСКИ | | √ | |
| 3. | м-р САШО КУКЕСКИ | | √ | |
| 4. | ТОНИ СИМОНОВСКИ | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | ФИЛИП АНАСТАСОВ | | √ | |
| 6. | СИБЕЛА МАРКОВА | | √ | |
| 7. | ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА | | √ | |
| 8. | МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ | | √ | |
| 9 | АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА | | √ | |
| 10. | м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ | | √ | |
| 11. | ДАЈАНА РИСТОВСКА | | √ | |
| 12. | м-р ИВАН СИМОНОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | *НИКОЛА ТУТЕВСКИ | | | |
| 15. | м-р СОЊА ЗАШОВСКА | | √ | |
| 16. | ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА | | √ | |
| 17. | *ДАРКО СТОЈАНОВСКИ | | | |
| 18. | ВЛАТКО РИСТОВСКИ | | √ | |
| 19. | МАРИЈА ЃОШЕВСКА | | √ | |
| 20. | м-р САФЕТ АДЕМИ | √ | | |
| 21. | АЛЕКСАНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ | | | √ |
| 22. | СУЗАНА ТРПКОВСКА | | | √ |
| 23. | ПЕНКА ЧУДО | | √ | |
| 24. | САШО НАЧОВСКИ | | √ | |
| 25. | МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ | | | √ |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | | √ |
| 27. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот **не ја донесе** Одлуката за формирање на паралелка со помал број ученици во ООУ "Његош", Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, со **1 глас "ЗА", 19 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2024 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Александар Јанакиески.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата **(со измените и дополнувањето во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **16 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година, со **16 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со исправката на техничка грешка во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година, со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, со **23 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Пред преминување на расправа и одлучување по точка 28 од утврдениот беше соопштен ставот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина (дополнително одржана седница на комисија).

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

Пред преминување на расправа и одлучување по точката 29 од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања (дополнително одржана седница на комисија).

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и се премина на избор на командир на полициска станица од општа надлежност Гази Баба со поединечно гласање за секој од предложените кандидати.

За кандидат за командир **СТЕФАН ТАСЕВСКИ**:

**8 гласа "ЗА", ___ гласа "ПРОТИВ" и 17 гласа "ВОЗДРЖАН"**

За кандидат за командир **САШЕ СТОИЛЕВСКИ**:

**17 гласа "ЗА", ___ гласа "ПРОТИВ" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**

За кандидат за командир **БЕЈТУЛА ЏЕЛАДИНИ**:

**___ гласа "ЗА" ___ гласа "ПРОТИВ" и ___ гласа "ВОЗДРЖАН"**

За командир на полициска станица од општа надлежност Гази Баба беше избран **Саше Стоилевски** од Скопје, со завршено високо образование и работно искуство од 07 години, 05 месеци и 24 дена во полиција.

Советот ја донесе Одлуката за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Гази Баба, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Пред заклучување на седницата за збор се јави членот на советот - **Пенка Чудо** (коалиција предводена од СДСМ) која изјави дека истапува од советничката група на коалицијата предводена од СДСМ и до крајот на мандатот ќе делува во советот како независен член на советот.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и шесттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:05** часот.

**Број 09-265/2**
**од 16 јануари 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот